# Александар нема документи за на Плоштад

Во програмата на Општина Центар за подигање споменици не е наведено дека ќе се одбележува ликот на македонскиот освојувач



Општина Центар се' уште нема обезбедено градежна дозвола за монументалниот споменик на македонскиот антички освојувач Александар Македонски и за останатите обележја на значајните личности од македонската историја, иако почетокот на изградбата на плоштадот се најавува за летниот период, а за леењето на обележјата веќе и' се исплатени два милиона евра на италијанската леарница „Фердинандо Маринели".

Споменикот на Александар, висок 22 метра, може да стане и дивоградба, затоа што, според Законот за спомениците, надлежните не можат да издадат градежна дозвола доколку нивното поставување не е предвидено со петгодишна програма на органите што имаат право да ги поставуваат, а тоа се Собранието на Македонија и општините. Општина Центар, која ќе ги подига спомениците, има донесено ваква програма, но во неа не е наведен споменик на Александар Македонски. Според Законот, одобрение за градење споменик не смее да се издаде ако обележјето не е содржано во петгодишна програма.

Од правната служба во Општина Центар велат дека споменикот на Александар Македонски го нема во програмата зашто тој бил предвиден заедно со фонтана и тој се третира со Законот за јавните набавки. Градоначалникот на Општина Центар, Владимир Тодоровиќ, вчера изјави дека се' уште не обезбедиле градежна дозвола за споменикот на Александар.

- Чекаме Министерството за транспорт и врски да им ја одземе концесијата за користење на плоштадот на Градот Скопје за делот каде ќе се поставува споменикот на Александар. Засега имаме градежна дозвола единствено за црквата, која треба да се гради пред влезот на Градскиот трговски центар - вели Тодоровиќ.

Тој вчера рече дека на сметката на Општина Центар моментно има околу 344 милиони денари, односно 5,6 милиони евра. Во периодот од јуни до декември лани, Владата на сметката на Општината префрлила 442 милиона денари, односно 7,2 милиона евра за изградба на спомениците, од кои последниот трансфер е направен на 1 декември. Од овие пари, за спомениците, според Тодоровиќ, засега се потрошени околу 10 отсто.Општина Центар во наредниот период ќе постави повеќе споменици на плоштадот Македонија и четири скулптури на лавови на мостот „Гоце Делчев". Најимпозантен ќе биде споменикот на античкиот војсководец, кој сосе постаментот ќе биде висок 22 метра.